## *МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА*
Бул. Гоце Делчев бб 1000 Скопје,
www.mrt.com.mk


**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр.02-3498/**

# З А П И С Н И К

**Од 116-та седница на Програмскиот совет на ЈРП Македонска Радио Телевизија одржана на 06.08.2020 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ,Ведат Мемедалија-Зам.претседател на Програмскиот совет,Снежана Клинчарова,м-р Ристе Панов,Гајур Рамадани,Илир Рамадани,Златко Јанковски,Косана Мазнева Николиќ, Селпин Керим, м-р Јагнула Куновска, Ивана Трајковска и Анита Латифи. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** д-р Агим Лека. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** Сузана Николовска-раководител на одделение за сметководство во МРТ. |

***Во согласност со препораките на Владата на РМ дадени поради Корона кризата во државата, 116-та седница на Програмскиот совет на МРТ се одржа во онлјан формат односно преку конференциска врска.***

Седницата започна во 12:00 часот.
Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет едногласно го усвои Дневниот ред.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Разгледување и усвојување на записникот од 115-та седница на Програмски совет на МРТ.

2. Разгледување и усвојување на Одлука за покривање на искажана загуба по годишна сметка на ЈРП МРТ за 2019 година.

3. Разно.

ТОЧКА 1:**Разгледување и усвојување на записникот од 115-та седница на Програмскиот совет на МРТ.**
Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац ги стави на разгледување записникот од 115-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.
По расправата записникот од 115-та седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање.
Програмскиот совет на едногласно **ги усвои** записникот од 115-та седница на Програмскиот Совет на МРТ.

ТОЧКА 2:**Разгледување и усвојување на Одлука за покривање на искажана загуба по годишна сметка на ЈРП МРТ за 2019 година.**
Воведно излагање по оваа точка имаше Сузана Николовска-раководител на одделение за сметководство во МРТ која информираше за покривање на дел од искажана загуба во годишна сметка на ЈРП МРТ за 2019 година.
При тоа информираше дека согласно сметководствената евиденција на ЈРП МРТ, на ставката акумилирана добивка има останат износ од 17.884.528,00 денари, и на ставката издвоена задолжителна општа резерва пресметан износ од 3.786,620,00 денари, која се формира по пат на зафаќање од нето добивката (процент од 5%) се додека резервите на друштвото не достигнат износ кој ќе биде еднаков на една десетина од основната главнина во согласнот со член 485 од ЗТД.
Вкупниот износ за кој се намали искажаната загуба за тековната 2019 година изнесува 21.671.148,00 денари.
Во Предлог Одлуката за покривање на дел на искажаната загуба во годишна сметка на ЈРП МРТ за 2019 година, согласно член 484 став 2 од Законот за трговски друштва ќе се врши покривање на дел од загубата редоследно и тоа од:
-акумилирана добивка во износ од 17.884.528,00 денари и
-на товар на задолжителната општа резерва во износ од 3.786.620,00 денари.

Претседателката на советот Смилка Ј Саркањац по расправата ја стави на гласање одлуката за покривање на искажана загуба по годишна сметка на ЈРП МРТ за 2019 година.

■**Одлуката за покривање на искажана загуба по годишна сметка на ЈРП МРТ за 2019 година** беше ставена на гласање:

- ЗА гласаа:**12** членови,
- ПРОТИВ гласаа:**0** член,
- ВОЗДРЖАН гласаа:**0** член.

По спроведеното гласање се констатира дека Одлуката за покривање на искажана загуба по годишна сметка на ЈРП МРТ за 2019 година е едногласно **усвоена** од страна на Програмскиот совет на МРТ.

ТОЧКА 3:**Разно.**
По однос на оваа точка беше дадено потсетување за Заклучоците што беа усвоени на предходната седница на Програмскиот совет на МРТ, а по кои сеуште не беа добиени Информации од службите,и беше дадено задолжение истите да бидат доставени за наредна седница на советот.

Седницата заврши во 12:30 часот.

Записничар:
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател